Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

# *ИЗВЕШТАЈ*
# *ЗА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ЈУНИ 2021 – ЈУНИ 2022 ГОДИНА*

**Скопје**
**јули, 2022 година**

# СОДРЖИНА:

**I. ВОВЕД**

**II. АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

II.I Реализирани активности на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност јуни 2021- јуни 2022

II.I.I Работни тела и комисии формирани од страна на Националниот совет

II.II Планирани активности на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност јули 2022- јуни 2023

**Прилог 1** Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност

**Прилог 2** Програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2022- јуни 2023 година

**Прилог 3** Програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021- јуни 2025 година

# I. ВОВЕД

Основањето на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност (во натамошниот текст: Националниот совет) е пропишано со Законот за високото образование, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/2018), поточно во глава петта, оддел 2, чл. 41-44.

Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (Прилог 1). Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија и тоа: - шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Интеруниверзитетската конференција со тајно гласање, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво, според Меѓународната фраскатиева класификација (природно- математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки), - шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Македонија, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко- технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки), - еден член на предлог на Македонската академија на науките и уметностите од редот на членовите на Македонската академија на науките и уметностите, - еден член од деловната заедница и - еден член од редот на студентите, на предлог на Интеруниверзитетската конференција.

Согласно член 41 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82 од 08.05.2018 година), Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност се формира заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија.

Националниот совет е самостоен стручен орган со седиште во Скопје. Националниот совет има: печат, посебна жиро сметка, а средствата за работа се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Надоместокот за работа и за трошоци на членовите на Националниот совет и за работните тела/комисии, го утврдува Собранието на Република Македонија, врз основа на присуство на седници и/или обем и сложеност на извршени работи. Службен весник на РМ, бр. 82 од 8.5.2018 година.

Согласно член 44 став (9) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието на Република Северна Македонија.

**Визија на Националниот совет**: Унапредено и квалитетно високо образование и интензивна научно-истражувачка дејност за кои се обезбедени задоволителни финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија и континуирана меѓународна соработка како алатка за идентификување и прифаќање на добрите практики со цел приближување на македонскиот до европскиот систем за високо образование.

**Мисија на Националниот совет**: Посветено, професионално и навремено остварување на законски пропишаните надлежности, преку интензивна комуникација со релевантни чинители во државата, со партиципативност и придонес на наставниот кадар и на студентите, со вклучување на надворешни експерти од државата и странство, со цел заокружување на стратешката и нормативната рамка која ќе овозможи остварување на визијата во наредниот четиригодишен период.

**II.**

# АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност беше конституиран на седницата која се одржа на 10.06.2021 година, во Владата на Република Северна Македонија. Согласно Законот за високото образование и сите позитивни законски акти во Република Северна Македонија, Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност беше регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија.

Националниот совет работи и одлучува на седници. Во периодот од јуни 2021 - јуни 2022 година, покрај конститутивната седница, Националниот совет има одржано петнаесет седници, од кои тринаесет во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## *II.I Реализирани активности за периодот јуни 2021 – јуни 2022:*

- На седницата одржана на 24 јуни 2021 година, во Клубот на пратеници, со тајно гласање на присутните членови на Националниот совет, од редовите на Советот за претседател беше избран проф. д-р Тодор Серафимовски, за време од две години, без право на повторен избор. Согласно член 44 став (6) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), претседателот на Националниот совет го застапува и претставува Советот.
- Врз основа на член 43 став (2) алинеа (14) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Националниот совет, на седницата одржана на 8 јули 2021 година, донесе Деловник за работа, со кој се уредува начинот на работа на Националниот совет, правата и должностите на претседателот, потпретседателот и членовите, како и други прашања од значење за работењето на Националниот совет, согласно надлежностите пропишани со Законот за високото образование. На истата седница беше избран и потпретседател на Националниот совет.
- На седницата одржана на 26 август 2021 година, Националниот совет донесе Етички кодекс за однесување на своите членови.
- На истата седница се изготви и потпиша изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на податоци, од страна на членовите на Националниот совет.

- Петтата седница беше одржана на 16 септември 2021 година и од страна на Националниот совет беше разгледан и усвоен Извештајот за работа на Одборот за евалуација за периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година. Исто така, беа дадени предлог мерила и критериуми за финансирање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, кои во вид на одлука, беа доставени до Собранието на Република Северна Македонија на донесување.
- На седницата одржана на 07 октомври 2021 година, беше усвоена Предлог – уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, согласно 43 став (2) алинеа (10) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) и истата беше доставена, во форма на Информација, до Владата на Република Северна Македонија, за нејзино донесување.
- Согласно надлежностите на Националниот совет, утврдени со член 43 став (2) алинеа (12) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), од страна на членовите на Националниот совет беше изготвен Правилник за содржината и формата на извештајот за работа на ректорот, кој беше разгледан и усвоен на седницата одржана на 11 ноември 2021 година.
- На осмата седница, одржана на 02 декември 2021 година, се разгледаа и усвоија Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021- јуни 2022 година, која ги содржи насоките на активностите на Националниот совет во однос на првата година на работа на Националниот совет и Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јуни 2021- јуни 2025 година, која ги содржи насоките на активностите на Националниот совет во однос на четиригодишниот период што следи. Целта на Програмата е да се концептуализираат законските обврски во однос на високото образование, научно-истражувачката дејност, стратешки определби, политики и редефинирање на системот на финансирањето на обете области, меѓународната соработка, без да се загуби од вид значењето на автономијата на универзитетите, кадровските и материјалните услови за работа на наставниот и наставно-истражувачкиот кадар на факултетите, истажувачките институти, лаборатории и центри, придружните членки и другите единици на универзитетот, со цел зголемување на квалитетот на високото образование, заживување на научно-истражувачката дејност, но едновремено водејќи сметка за унапредување на положбата на студентите како важни чинители во

креирањето на политиките и спроведувањето на важечката стратешка и правна рамка во однос на високото образование и научно-истражувачката дејност. И двете програми беа изготвени,од страна на комисија составена од членови на Национиот совет, формирана специјално за таа намена.

- Согласно член 43 став (2) алинеа (9) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), а по барање на две новоформирани високи стручни школи се отпочнаа активности за формирање предлог матични комисии за основање на самостојна високообразовна установа, кои ќе бидат доставени до Министерството за образование и наука.
- На седницата одржана на 30.12.2021 година, по забелешките доставени од страна на Генералниот секретаријат, при Владата на Република Северна Македонија, по однос на усвоената Предлог – уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, од страна на Националниот совет беа прифатени сите укажувања и се усвои коригираната верзија на Предлог – уредба за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партуципација за студирање.
- На истата седница беа формираа две предлог - матични комисии за основање на самостојна високообразовна установа.
- На деветата седницата одржана на 27.01.2022 година, се назначи координатор на активноста за изготвување на Предлог - уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација и предлозите за усогласување со Националната класификацијата на занимања според дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација
- Од деветата до шеснаесетата седница секоја комисија формирана согласно научно-истражувачките полиња, имаше своја презентација, на целокупната работа по однос на изготвување на Предлог - уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација. Комисиите се во постојан контакт или остваруваат средби со деканите и други претставници на факултетите од полињата кои ги покриваат, се со цел подобро координирање на оваа активност.
- На истата седница, Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност го разгледа и усвои Извештајот за работа на Одборот за евалуација на високото образование за периодот од 01.07.2021 до 31.12.2021 година.

- На предлог на Одборот за евалуација на високото образование, а во согласност со министерот за образование и наука, на седницата одржана на 24.02.2022 година, Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, донесе Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој е објавен во Службен весник бр. 153 од 6.7.2022година.
- На седницата на 31 март 2022 година, усвоени се предлог Бази на трудови до кои министерството надлежно за работите од високото образование обезбедува пристап, на наставниците и соработниците избрани на јавните универзитети.
- Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на седницата во април донесе одлука со број 1410- 37 од 21.04.2022 година, за утврдување на листа на релевантни домашни и меѓународни настани на кои уметничките изведби се земаат предвид при акредитација на ментори.
- На седницата одржана во 26 мај 2022 година, беше донесена одлука за области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации.
- Согласно член 43 став (2) алинеа (3) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18, 178/21), на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесен е Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.
- Во фаза на подготовка се Правилникот за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност и Предлог - уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите.
- Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, со свои претставници, активно е вклучен во Твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации“ (Further support to the implementation of the National Qualifications Framework), кој Министерството за обрзование и наука започна да го реализира на 01.10.2021 година. Една од мисиите на проектот, односно, преглед на моменталната фактичка и правна рамка за обезбедување квалитет во високото и во стручното образование со цел препознавање на потенцијални празнини и можности за подобрување врз основа на најновите случувања со Болоњскиот процес и други политики на делување, за зајакнување на улогата на НРК во процесите на обезбедување квалитет, е поврзана и со мисијата на Националниот совет.

***Се разгледуваше:***

➢ Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, поднесен од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование.
➢ Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, поднесено од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование.
➢ Доставените материјали од Министерството за образование и наука, по однос на Ранг листата на позитивно оценети проекти за финансирање, согласно за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година (поддршка за развој на лабораториски ресурси) и давање мислење.
➢ Мислењата од Секретаријатот за законодавство, при Владата и Министерството за финансии дадени врз основа на Информацијата за донесување Одлука за видот и висината надоместокот за работата и за трошоците на членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на работните тела/комисии, врз основа на присуство на седници и/или обем и сложеност на извршени работи и усвојување на Мерилата и критериумите за финансирање на членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.
➢ Барањата доставени од самостојната високообразовна установа Училиште за мода Фашион Десигне и Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје, за предлагање на членови на Матична комисија за формирање на самостојна високообразовна установа, од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.
➢ Барањето на став по однос на прашање поврзано со организирање на трет циклус на докторски студии на Универзитетот во Тетово, доставено од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, до Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, со прилог жалба за одбивање на барање за акредитација на студиските програми од трет циклус – докторски студии, доставена до Одборот за акредитација на високото образование, од страна на Универзитетот во Тетово.

- Иницијативата за носење на Уредба на Владата, во однос на категории на лица кои се ослободени од партиципација на државните универзитети во Северна Македонија, доставено од Македонско здружение на млади правници и Младите на Една Може.
- Повторно разгледување на Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, поднесен од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование, по дадени забелешки од страна на Националниот совет, кој повторно е вратен на доработка.
- Извештајот за работа на Одборот за акредитација на високото образование за периодот од 01.07.2021 до 31.12.2021 година, кој од страна на Националниот совет е вратен на доработка.
- Се разгледуваа информации и материјали поврзани со изработката на Извештајот за развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност и Извештајот за развојот на научно-истражувачката дејност и нејзината усогласеност со европските и меѓународните трендови, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност
- Извештаите од мисиите на експертите од Твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации“ (Further support to the implementation of the National Qualifications Framework), со кои даваат нивни согледувања и препораки за усогласеноста на одредниците за високото образование со барањата на Болоња процесот и стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет на Европскиот простор за високо образование.

Покрај овие активности, претседателот на Националниот совет проф. д-р Тодор Серафимовски во повеќе наврати го претставуваше ова тело на разни средби со релевантни чинители и собири во земјата, вклучувајќи ја и средбата со ректорите на универзитетите во земјата, како и редовните средби кои ги остварува со министерот за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во однос на меѓународната соработка, остварена е средба со цел претставување на надлежностите и активностите на Националниот совет со претставници на Универзитетот во Виена, во јуни 2022 година, од страна на претседателот на Националниот совет проф. д-р Тодор Серафимовски. Консултативна средба во однос на дефинирањето на научните подрачја, полиња и области во делот на земјоделските и ветеринарните науки, во

насока на изработка на третото ниво на Фраскатиевата класификација во надлежност на Националниот совет, е остварена во април 2022 година, на Универзитетот БОКУ во Виена, од страна на членот на Националниот совет проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа.

Особен акцент во делот на усогласеноста на високото образование и научно-истражувачката дејност со европските и меѓународните стандарди се даде во текот на средбите и активностите во рамки на Твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации", компонента 1: Зајакнување на процесот на обезбедување квалитет на образованието и обуката во контекст на доживотното учење, каде што претставници на Националниот совет се проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа и проф. д-р Раде Русевски. Во таа насока, претставниците на Националниот совет земаа активно учество во низа средби и работилници:

- Работилница со претставници од Секторот за високо образование, Одделението за НРК во склоп на Министерството за образование и наука и претставници од Агенцијата за квалитет на високото образование (Одбор за акредитација и одбор за евалуација) и Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност – примери на институционална и законска регулатива на процедурите за обезбедување на квалитет во Литванија и Хрватска (јануари 2022 година)
- Работилница со претставници од Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност и претставници од Универзитетите и дискусија околу измените и дополнувањата на Правилниците поврзани со обезбедување на квалитетот (февруари 2022 година)
- Работилницата е во рамки на мисијата поврзана со одредниците за програмите за високо образование, во согласност со барањата на Болоњската декларација и стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет на Европскиот простор за високо образование (март 2022 година)
- Состанок со претставници од Националниот совет и експерти од Литванија во однос на проценката на усогласеноста на одредниците на високото образование, во одредени студиски подрачја со Болоња процесот и стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет на Европскиот простор за високо образование (март 2022 година)
- Споделување на наодите од студиската посета за практично искуство во однос на обезбудување на квалитетот и наставни програми во ЕУ Литванија (мај 2022 година)

### *II.I.I Работни тела и комисии формирани од страна на Националниот совет*

Со цел поефикасно спроведување на активностите и надлежностите на Националниот совет, формирани се повеќе комисии и работни групи:

- Комисија за изработка на Етички кодекс за однесување и работење на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност
- Етички одбор
- Комисија за природно-математички науки
- Комисија за техничко-технолошки науки
- Комисија за медицински науки и здравство
- Комисија за земјоделски науки и ветеринарство
- Комисија за општествени науки
- Комисија за хуманистички науки
- Комисија за научно-истражувачка дејност
- Комисија за меѓународна соработка
- Комисија за изготвување на Предлог-уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање
- Комисија за изработка на едногодишна и четиригодишна програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност
- Работна група за изготвување унифициран формулар за поднесување на годишен извештај за работата на ректорите на универзитетите во Република Северна Македонија
- Комисија за изготвување на пречистен текст на Предлог - правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразованите установи и за акредитација на студиските програми.
- Комисија за утврдување на електронски бази на списанија и области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации и која ќе предложи најмалку една база на трудови до која министерството надлежно за работите од високото образование обезбедува пристап на наставниците и соработниците избрани на јавните универзитети
- Комисија за изготвување на Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност

- Комисија за изготвување на Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност
- Комисија за изготвување на Предлог - уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите

### *II.II Планирани активности за периодот јули 2022 - јуни 2023:*

Во периодот јануари 2022 - јуни 2022 година, во рамки на своите надлежности, Националниот совет има предвидено да ги продолжни тековните активности и да започне низа нови активности, поврзани со предлагање и/или донесување:

- Извештај за развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност
- Донесување на Предлог - уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите
- Донесување на Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високо-образовните установи и за акредитација на студиските програми (на предлог на Одборот за акредитација)
- Предлог членови на матична комисија за основање на самостојна високообразовна установа (по потреба)
- Донесување на Предлог - уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација
- Предлози за усогласување со Националната класификацијата на занимања според дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација
- Правилник за содржината на студиските програми во согласност со Законот за високото образование
- Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи, во согласност со закон
- Предлог на приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој (континуирано)
- Предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна соработка (континуирано)
- Извештај за развојот на научно-истражувачката дејност и нејзината усогласеност со европските и меѓународните трендови, со предлог

мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност

- Предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна соработка
- Донесување на Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност
- Дополнување/Анекс кон Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност
- Други работи согласно закон
- Предлози, разгледување и давање препораки за законски и подзаконски акти поврзани со надлежностите на Националниот совет
- Размена на искуства со слични тела во другите држави
- Вклучување на странска стручна експертиза за одделни активности на Националниот совет
- Препораки за измени и дополнувања на Законот за високото образование, се со цел надминување на пречките со кои се соочуваат сите кои секојдневно го користат, како правен елемент, во своето работење

Особено внимание ќе се посвети на клучните надлежности на Националниот совет, во однос на подготовка на Предлог - националната програма за високото образование, Предлог - уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, Предлог - националната програма за научно-истражувачка дејност и Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност.

**Напомена:** Седниците на Националниот совет се јавни. Членовите на Националниот совет што зборуваат друг службен јазик, освен македонскиот, го користат тој јазик. Сите документи кои ги изготвува Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност ги објавува на својата веб страна www.nacionalensovetzavoinid.com. Стручните, административните и помошно-техничките работи за потребите на Националниот совет ги врши Министерството за образование и наука.

**Претседател на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност**

Скопје,
14.07.2022 година

**проф. д-р Тодор Серафимовски с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 42 став (1) од Законот за високото образование* ("Службен весник на Република Македонија" број 82/18), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

I. За членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност се избираат:

1) проф. д-р Мажанна Северин - Кузмановска, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација природно-математички науки, од Универзитетот "Св. Климент Охридски"- Битола, на предлог на Интеруниверзитетската конференција;

2) проф. д-р Тодор Серафимовски, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација техничко-технолошки науки од Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, на предлог на Интеруниверзитетската конференција;

3) проф. д-р Раде Русевски, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација земјоделски и ветеринарни науки од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Интеруниверзитетската конференција;

4) проф. д-р Гордана Лажетиќ, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација општествени науки од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Интеруниверзитетската конференција;

5) проф. д-р Фатмир Сулејмани, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација хуманистички науки од Универзитетот во Тетово, на предлог на Интеруниверзитетската конференција;

6) проф. д-р Мирјана Поповска, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација медицински науки и здравство од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Интеруниверзитетската конференција;

7) проф. д-р Весна Гершан, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација природно-математички науки од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Владата на Република Северна Македонија;

8) проф. д-р Ндерим Зеќири, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација техничко-технолошки науки од Универзитетот во Тетово, на предлог на Владата на Република Северна Македонија;

9) проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација медицински науки и здравство од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Владата на Република Северна Македонија;

10) проф. д-р Александра Мартиновска-Стојческа, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација земјоделски и ветеринарни науки од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Владата на Република Северна Македонија;

11) проф. д-р Фатон Шабани, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација општествени науки од Универзитетот во Тетово, на предлог на Владата на Република Северна Македонија;

12) проф. д-р Јусуф Зекири, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација хуманистички науки од Универзитетот на Југоисточна Европа, на предлог на Владата на Република Северна Македонија;

13) академик Љупчо Коцарев, претседател и член на Македонската академија на науките и уметностите, на предлог на Македонската академија на науките и уметностите;

14) д-р Татјана Штерјова Душковска, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори во Стопанската комора на Македонија, на предлог на Стопанската комора на Македонија и

15) Димитар Стевчев, редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог на Интеруниверзитетската конференција од редот на студентите.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 08 2046/1 21 април 2021 година Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р Талат Џафери, с.р.

(Службен весник на РСМ, бр:88/2021 од 22.04.2021 година)